Република Северна Македонија
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
Примено / Pranuar: 16.06.2026
| Орг. Един. / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Pranoi | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| 02 | 116 | | |


У-6.бр.369/2026

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата М-р Дитурије Елези Незири, како судија поединец, со записничар Билјана Димовска судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Марина Здравеска од Охрид, против Решението на Прекршочната комисија во Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 02-116 од 13.05.2022 година, за прекршок од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, по одржаната јавна расправа на ден 28.05.2026 година во отсуство на тужителот, а во присуство на овластено лице на тужениот орган Василка Поп Георгиева, на ден 28.05.2026 година ја донесе и јавно објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Марина Здравеска од Охрид, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Прекршочната комисија во Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 02-116 од 13.05.2022 година, СЕ ПОНИШТУВА и СЕ ОДЛУЧУВА:

Тужителот Марина Здравеска од Охрид, како службено лице за посредување со информациите од јавен карактер кај имателот на информациите од јавен карактер Општина Охрид, СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ОДГОВОРНОСТ за прекршок по член 27 став 4, а казнив по член 39 алинеја 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврден во постапка поведена со Барање за поведување прекршочна постапка од овластено лице од Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 02-116/4 од 23.03.2021 година, поради настапена застареност за поведување и водење на прекршочната постапка.

## О б р а з л о ж е н и е

Вишиот управен суд со решение на УЖ-1 бр.126/2024 од 26.03.2026 година, ја укина пресудата на Управниот суд У5.бр.1011/2022 од 13.09.2023 година, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, оценувајќи дека не биле исполнети процесните услови за испитување на законитоста на првостепената одлука. Имено, иако Управниот суд при донесување на пресудата се повикал на повеќе докази изведени на јавната расправа, меѓу кои Записник за сторен прекршок, Прекршочен платен налог и Барање за поведување на прекршочна постапка, Вишиот управен суд утврдил дека истите не биле приложени во списите на предметот доставени по жалбата. Поради тоа, Вишиот управен суд не бил во можност да ја испита правилноста и законитоста на побиваната пресуда, ниту да оцени дали фактичката состојба била целосно иправилно утврдена, поради што сметал дека со ваквото постапување Управниот суд постапил спротивно на член 77 од Законот за управните спорови, согласно кој

е должен до второстепениот суд да ги достави сите списи и докази врз основа на кои ја донел одлуката. Воедно, Вишиот управен суд оценил дека е сторена и суштествена повреда на одредбите на постапката од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка, бидејќи пресудата се темели на докази кои не можеле да бидат предмет на жалбена оцена, што ја прави одлуката нејасна и неразбирлива. Од тие причини, пресудата била укината и предметот вратен на повторно одлучување.

Постапувајќи во повторна постапка, судот утврди дека управниот спор е заведен по тужба поднесена од тужителот Марина Здравеска од Охрид, против Решението на Прекршочната комисија во Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 02-116 од 13.05.2022 година, со кое му е изречена прекршочна санкција - опомена, бидејќи како службеното лице за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации - Општина Охрид во определениот рок не го спровел Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-799 од 11.01.2022 година и не ја известил Агенцијата, со што сторил прекршок по член 39 алинеја 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Тужителот со тужбата го оспори решението поради повреди на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог тужбата да се уважи, оспореното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно одлучување или мериторно да се одлучи, на начин што ќе се ослободи од одговорност или постапката ќе се запре, заради настапена застареност. Во тужбата наведе дека нема направено никаков прекршок бидејќи веднаш по приемот на последниот одговор на 04.01.2022 годин, изготвил одговор на жалба Уп.бр.03-8 од 04.01.2022 година и Решение Уп.бр.03-8 од 04.01.2022 година, потпишани од овластено лице за потпис и потпис од тужителот кои истиот ден биле доставени до барателот и до агенцијата, по мејл, а во законски предвидениот рок за одговор по жалба, направен е пропуст од агенцијата која не констатирала дека во законскиот рок е доставен одговор, односно уважено било барањето на тужителот со решение и поради тоа било донесено Решение со кое го задолжил имателот на информации во случајов Општина Охрид да постапи по барањето.

Тужениот орган во одговор на тужбата остана при своето решение, од истите причини наведени во неговото образложение, со предлог тужбата да се одбие како неосновано.

Управниот суд утврди дека тужбата е изјавена во законски определениот рок, дека истата е дозволена и изјавена од овластено лице и откако оцени дека се исполнети законските услови за водење на управен спор, закажа и одржа јавна расправа на ден 28.05.2026 година. Јавната расправа се одржа во отсуство на тужителот, уредно поканет, а во присуство на овластен претставник на тужениот орган кој на јавната расправа изјави дека останува во целост кон одговорот на тужбата , истакна дека тужителот делумно одговорил на барањето, а имајќ редвид дека прв пат се јавува како сторител на прекршок иречена е опомена.

Судот на одржаната јавна усна расправа ги допушти и изведе доказите кои беа приложени кон тужбата, одговорот на тужба и доказите кои се наоѓаат во

списите на предметот и тоа со читање се изврши увид во: Оспореното решение на тужниот орган број 02-116 од 13.05.2022 година, Одговор на тужба од тужен орган доставен во судот на 27.10.2022 година, Записник за сторен прекршок број 02-116/2 од 07.03.2022 година, Прекршочен платен налог број 02-116/1 од 07.03.2022 година, Барање за поведување на прекршочна постапка број 02-116/4 од 23.03.2022 година, маил – достава на одговор бр.02-116/5 од 23.03.2022 година, Известување број 02-116/8 од 15.04.2022 година, Решение број 08-116 од 13.05.2022 година и решение на УЖ-1 бр.126/2024 од 26.03.2026 година на Вишиот управен суд.

Управниот суд постапувајќи по тужбата го испита оспореното решение согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите од тужбата и одговорот на тужба, како и наводите изнесени на јавната расправа од страна на присутната странка, а врз основа на изведените докази, најде:

Тужбата е основана.

Од изведените докази е видно дека од овластеното службено лице во Агенцијата за заштита на правотот на слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 46 став 4 од Законот за прекршоците, на ден 23.03.2021 година до Прекршочната комисија е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка број 02-116/4, за сторен прекршок од тужителот Марина Здравеска од Охрид како службено лице за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Охрид.

Постапувањајќи по службена должност и по извршениот увид за спроведување на Решението број 08-799 од 11.01.2021 година на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, овластеното службено лице со Записник за сторен прекршок број 02-116/2 од 07.03.2022 година, констатирано е дека тужителот Марина Здравеска од Охрид како службено лице за посредување со информации од јавен карактер кај Имателот на информации Општина Охрид, во рок од 15 дена од денот на приемот не го спровел Решението број 08-799 од 11.01.2022 година, донесено од Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое дејствие тужителот Марина Здравеска од Охрид сторил прекршок по член 39 алинеја 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Тужениот орган согласно член 44 став 2 и член 46 од Законот за прекршоците, уредно го поканил на закажаниот термин за порамнување тужителот Марина Здравеска од Охрид, со Покана за порамнување број 02-116/3 од 07.03.2022 година, кој не се јавил на закажаниот термин за порамнување на ден 17.03.2022 година видно од повратницата која била уредно примена до тужителот на ден 10.03.2022 година и не го примил Прекршочниот платен налог број 02-116/1 од 07.03.2022 година. Со оглед на наведеното, овластеното службено лице во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер до Прекршочната комисија во Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер на ден 23.03.2022 година доставила Барање за поведување на прекршочна постапка број 02-116/4, во кое е наведено дека тужителот Марина Здравеска од Охрид во својство на службено лице кај имателот на информации – Општина Охрид на ден

17.06.2020 година сторил прекршок по член 39 алинеја 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Прекршочната комисија во Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, постапувајќи по поднесеното барање, согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, со Известување број 02-116/8 година го известил тужителот Марина Здравеска од Охрид за поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка и му дал рок од три дена од денот на приемот на дописот да се изјасни за фактите и доказите кои му се ставаат на товар, меѓутоа истиот не се произнел по известувањето.

Врз основа на изведените докази, Прекршочната комисија во Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер утврдила дека тужителот Марина Здравеска од Охрид, како службеното лице за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Охрид, во определениот рок не го спровел Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-799 од 11.01.2022 година и не ја известил Агенцијата, со што сторил прекршок по член 39 алинеја 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради што е донесено Решението број 02-116 од 13.05.2022 година, со кое на службеното лице за посредување со информации од јавен карактер Марина Здравеска од Охрид кај имателот на информации - Боречка Општина Охрид му е изречена прекршочна санкција – Опомена.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека оспореното решение на тужениот орган е незаконито и со истото е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 35 став 1 Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2019), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 60 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), ако Судот најде дека оспорениот управен акт е незаконит, со пресуда ќе го усвои тужбеното барање, ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и самиот ќе ја реши управната работа (пресуда во спор на полна јурисдикција), при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.

Согласно член 27 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), имателот на информацијата е должен да го спроведе решението на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Согласно член 39 став 1 алинеја 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на службеното лице кај имателот на информацијата доколку не го спроведе решението на Агенцијата во рок од 15 дена од неговиот прием, согласно со членот 27 став 4 од овој закон.

Согласно член 24 став 2 од Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ“ бр.96/19), опомената може да се изрече и ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета или ако прекршокот е сторен за прв пат и не предизвикал штетни последици за трето лице, ниту пак бил загрозен јавниот интерес.

Согласно член 40 став 1 од истиот Закон, за прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во Агенцијата. Согласно став 3 од истиот член, пред поднесување на барање за покренување на прекршочна постапка се води постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законотза прекршоците.

Согласно член 41 од Законот за прекршоците, кој се однесува на застареноста на поведување и водење на прекршочна постапка, во став 1 се предвидува дека прекршочната постапка не може да се поведе, ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот, додека пак, во став 10 од истиот член, застареност на прекршочното гонење настанува во секој случај кога ќе измине два пати онолку време колку што според закон се бара за застареност на прекршочното гонење.

Согласно член 114 став 1 точка 9 од истиот Закон, Пресуда со која обвинетиот се ослободува од одговорност ќе се донесе, ако настапила застареност за водење на прекршочната постапка.

Имајќи ги во предвид горецитираните законски одредби, по наоѓање на Управниот суд, во конкретниот предмет настапила апсолутна застареност за понатамошно водење на прекршочната постапка. Ова со оглед на тоа дека предметниот прекршок е сторен пред 23.03.2021 година(ден кога е поднесено барањето за повдување прекршочна постапка) и од денот на сторувањето на прекршокот изминале повеќе од четири години, во смисла на член 41 став 10 од Законот за прекршоците, судот не впуштајќи се во оценување на правилната примена на материјалниот закон во оспореното решение, најде дека на ден 23.03.2025 година настапила апсолутна застареност за поведување и водење на прекршочната постапка.

Воедно судот утврди дека оспореното решение е донесено од страна на тужениот орган на ден 13.05.2022 година, додека Барање за поведување прекршочна постапка 23.03.2021 година, Пресудата на управниот суд У5.бр.1011/2022 од 13.09.2023 година, додека Решението на Вишиот управен суд УЖ-1 бр.126/2024 од 26.03.2026 година, од што произлегува дека предметниот прекшок застарел во жалбена постапка пред Вишиот управен суд и истиот бил должен по службена должност да утврди настапена застареност за поведување и водење на прекршочната постапка.

Со оглед на фактот што Судот ја уважи тужбата поради застареност на прекршочното гонење, не впуштајќи се во оценување на правилната примена на материјалниот закон по однос на прекршочната одговорност на тужителот, Судот согласно член 60 став 1 од Законот за управните спорови, оспореното решение го

поништи и самиот ја реши управната работа како во диспозитивот на оваа пресуда која во целост го заменува поништениот управен акт.

Пресудено во Управниот суд на ден 28.05.2026 година под У-6.бр.369/2026.

Записничар - судски соработник
Билјана Димовска

Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

Пресудата да се достави на:
- тужител
- тужен орган

Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

Согласно со преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник